Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 03-2951
17 -06- 2020
Скопје

# ОФИЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА
## на Наградната игра "Надополни и играј за iPhone SE 20"

### Назив и седиште на трговското друштво Приредувач

**Член 1**

(1) Организатор на наградната игра со име "Надополни и играј за iPhone SE 20" (во понатамошниот текст именувана како: "Наградна игра") е Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, со седиште во Скопје, на Плоштад Пресвета Богородица бр.7 (во понатамошниот текст именувано како: "Приредувач").

(2) Приредувачот ќе ја организира Наградната игра во согласност со овие Официјални правила на Наградната игра (во понатамошниот текст именувани како: „Официјални правила").

### Услуги и производи заради чие рекламирање се приредува Наградната игра

**Член 2**

(1) Цел на Наградната игра е рекламирање на При-пејд мобилните услуги на Приредувачот и се однесува на сите тарифни модели на При-пејд мобилните услуги на Приредувачот.

(2) Наградната игра ќе се рекламира во печатените, електронските и други медиуми.

### Име, опис и времетраење на Наградната игра

**Член 3**

(1) Официјалното име на Наградната игра е "**Надополни и играј за iPhone SE 20**".

(2) Наградната игра се организира за Корисниците на сите тарифни модели на При-пејд мобилните услуги на Приредувачот, коишто со самото надополнување на својата При-пејд сметка во неделните циклуси, независно од износот на надополнувањето и начинот на надополнување, како и со исполнувањето на официјалните услови, учествуваат во неделните извлекувања, со што се стекнуваат со можност за добивање на награда. Еден неделен циклус трае една седмица (седум дена) и тоа од Понеделник од 00:00:00 часот до Недела до 23:59:59 часот, во периодот на времетраењето на Наградната игра. По истекот на неделниот циклус, започнува нов неделен циклус, во кој не влегуваат учесниците од претходниот неделен циклус. За времето на траење на Наградната игра ќе има вкупно 10 (десет) неделни циклуси и 20 (дваесет) неделни извлекувања, кои се организираат еднаш седмично. Наградниот фонд се состои од 20(дваесет) мобилни телефони iPhone SE 20, од кои по 2 (два) ќе се доделуваат на секое неделно извлекување. Правото на учество во наградната игра е точно дефинирано во член 7 подолу, а периодите на неделните циклуси и деновите и времето на неделните извлекувања се точно дефинирани во член 8 од овие Официјални правила.

(3) Наградната игра започнува со првиот неделен циклус на 6.7.2020 година, Понеделник од 00:00:00 часот и ќе трае до 13.9.2020 година, Недела до 23:59:59 часот, кога завршува последниот неделен циклус. Последното неделно извлекување ќе се одржи на 16.9.2020 година, среда, во 13:00 часот.



Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068016, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

**Опис на активноста врз основа на која се стекнува право на учество во Наградната игра**

**Член 4**

(1) Правниот основ (потврдата) за учество во Наградната игра го добива Корисникот на телефонскиот број (MSISDN) и тоа со самото надополнување на При-пејд сметката за телефонскиот број (внесување на износ на При-пејд кредит кој претставува плаќање однапред за мобилната услугата која Корисникот ја ќе користи), независно од дополнетиот износ, и независно од каналот, односно начинот преку кој е извршено надополнувањето на кредитот (електронско надополнување, хартиени ваучери, надополнување од пост-пејд сметка на при-пејд сметка, надополнување преку банкомат, PayNet). Минималниот износ кој Корисникот може еднократно да го надополни по било кој од каналите за надополнување, изнесува 100 (сто) денари. Телефонските броеви (MSISDN-и) на кои е извршено надополнувањето во соодветниот неделен циклус, влегуваат во базата на потенцијални добитници на награди за соодветното неделно извлекување. Корисникот треба да го задржи статусот на активен При-пејд корисник на услугите, односно на денот на неделното извлекување да не биде започната постапка за пренесување (портирање) на телефонскиот број (MSISDN) преку кој се извршило надополнувањето во мрежата на друг оператор. Доколку Корисникот кој ги исполнува условите за учество, биде извлечен како добитник на награда на некое од неделните извлекувања, тој треба да го задржи активниот статус на При-пејд корисник на услугите на мобилна телефонија на Приредувачот и до денот на доделувањето на наградите, до кога Корисникот не треба да има започнато постапка за пренесување (портирање) на добитниот телефонскиот број (MSISDN) во мрежата на друг оператор.

(2) Како влог за учество во неделните извлекувања се зема вкупниот износ на надополнување на При-пејд сметката на телефонскиот број (MSISDN) во неделниот циклус. Колку е поголем вкупниот износ на надополнување на При-пејд сметката во текот на еден неделен циклус, толку е поголема веројатноста за добивање на награда. Со секој износ на надополнување на При-пејд сметката од 1 (еден) денар, телефонскиот број (MSISDN) на Корисникот се стекнува со 1 (еден) поен кој му дава 1 (една) можност за извлекување за награда. Бројот на неделните поени, определува колку пати телефонскиот број (MSISDN) на Корисникот ќе се појави во базата од која ќе се врши неделното извлекување. На пример: Доколку Корисникот во текот на еден неделен циклус ја надополнил својата При-пејд сметка за вкупен износ од 100 (сто) денари, телефонскиот број (MSISDN) на Корисникот се стекнува со 100 (сто) поени, односно во соодветното неделно извлекување ќе учествува 100 (сто) пати.

(3) При-пејд корисникот на услугите на мобилна телефонија на Приредувачот кој ги исполнува предвидените услови и кој ја надополнил својата При-пејд сметка во неделниот циклус кој му претходи на денот на неделното извлекување се стекнува со право на учество само во тоа неделно извлекување. За да се стекне со повторно право на учество во некое од наредните неделни извлекувања за времето на траење на Наградната игра, Корисникот треба да изврши повторно надополнување на својата При-пејд сметка и во друг неделен циклус.



Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

**Територија**

**Член 5**

Наградната игра се организира и се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

**Награден фонд**

**Член 6**

(1) Опис на наградите:

| Награди | Количина | Поединечна цена без ДДВ во денари | Поединечна цена со ДДВ во денари | Вкупна цена без ДДВ во денари | Вкупна цена со ДДВ во денари |
|---|---|---|---|---|---|
| Мобилни телефони **iPhone SE 20** | 20 | 23.074 | 27.227 | 461.479 | 544.545 |

(2) За времетраење на наградната игра ќе се организираат 10 (десет) неделни извлекувања, при што на секое неделно извлекување ќе се доделуваат по 2 (два) мобилни телефони **iPhone SE 20**, или за цело времетраење на Наградната игра ќе се доделат вкупно 20 (дваесет) награди, мобилни телефони,**iPhone SE 20**.

(3) Вкупниот награден фонд на Наградната игра, со вклучен ДДВ изнесува 544.545,00 денари (петстотини четириесет и четири илјади петстотини четириесет и пет денари).

(4) Наградниот фонд е обезбеден од страна на Приредувачот.

**Услови за учество во неделните извлекувања и во Наградната игра**

**Член 7**

(1) **Право на учество во неделното извлекување имаат** сите активни При-пејд корисници на мобилните услуги на Приредувачот (активни При-пејд телефонски броеви /MSISDN-и) кои извршиле надополнување на При-пејд сметката на телефонскиот број во неделниот циклус кој му претходи на денот на неделното извлекување, без разлика на тарифниот модел, износот на надополнување и начинот на надополнување.

(2) **Право на учество во Наградната игра немаат** вработените кај Приредувачот како и членовите на нивните потесни семејства. Како членови на потесно семејство се сметаат: родители, брат, сестра, деца и брачен друг. Право на учество немаат Корисниците кои и покрај надополнувањето на При-пејд сметката на телефонскиот број, на денот на неделното извлекување имаат започната постапка за пренесување (портирање) на телефонскиот број (MSISDN) во мрежата на друг оператор. Право на учество немаат лица помлади од 18 години.



Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

**Извлекување на добитниците на награди во Наградната игра**

**Член 8**

(1) Добитниците на наградите ќе се извлекуваат еднаш неделно, на неделните извлекувања, по случаен избор со помош на компјутерска програма (софтвер) лоцирана во седиштето на Приредувачот (Плоштад Пресвета Богородица бр.1 во Скопје), која ќе избира од база на податоци по основ на телефонскиот број (MSISDN) на кој е извршено надополнувањето на При-пејд сметката. Базата на податоци ја обезбедува Приредувачот.

(2) Извлекувањето на наградите ќе се извршува по завршените неделни циклуси, еднаш седмично, 10 (десет) пати во текот на Наградната игра, како што е предвидено во следната Табела:

| | **Неделни циклуси** | **Датум и време на неделно извлекување** | **Број на прво-извлечени добитници** | **Број на резервни добитници** | **Награди** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Прв неделен циклус (од 00:00:00 часот на 6.7.2020 до 23:59:59 часот на 12.7.2020) | 15.7.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |
| 2 | Втор неделен циклус (од 00:00:00 часот на 13.7.2020 до 23:59:59 часот на 19.7.2020) | 22.7.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |
| 3 | Трет неделен циклус (од 00:00:00 часот на 20.7.2020 до 23:59:59 часот на 26.7.2020) | 29.7.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |
| 4 | Четврт неделен циклус (од 00:00:00 часот на 27.7.2020 до 23:59:59 часот на 2.8.2020) | 5.8.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |
| 5 | Петти неделен циклус (од 00:00:00 часот на 3.8.2020 до 23:59:59 часот на 9.8.2020) | 12.8.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |
| 6 | Шести неделен циклус (од 00:00:00 часот на 10.8.2020 до 23:59:59 часот на 16.8.2020) | 19.8.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |
| 7 | Седми неделен циклус (од 00:00:00 часот на 17.8.2020 до 23:59:59 часот на 23.8.2020) | 26.8.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |



Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3100077, e-mail: info@A1.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | Осми неделен циклус (од 00:00:00 часот на 24.8.2020 до 23:59:59 часот на 30.8.2020) | 2.9.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |
| 9 | Деветти неделен циклус (од 00:00:00 часот на 31.8.2020 до 23:59:59 часот на 6.9.2020) | 9.9.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |
| 10 | Десетти неделен циклус (од 00:00:00 часот на 7.9.2020 до 23:59:59 часот на 13.9.2020) | 16.9.2020 (Среда), во 13:00 часот | 2 | 2 | 2 iPhone CE20 |

(3) За секое неделно извлекување, ќе се извлекуваат по 2 (два) првоизвлечени добитници. При секое неделно извлекување, покрај дефинираниот број на првоизвлечени добитници, ќе се извлекуваат и исто толку дополнителни потенцијални добитници, како што е дефинирано во табелата од претходниот став на овој член. Доколку се воспостави дека некој од првоизвлечените добитници на награда немал право за учество во наградната игра во смисла на условите предвидени во член 7 или е дисквалификуван, наградата ќе биде доделена на извлечен добитник од листата за дополнителни потенцијални добитници, по принципот на редоследност, односно "прв на листа". Условите за учество предвидени во член 7 од овие Официјални правила, соодветно се применуваат и на дополнителните потенцијални добитници.

(4) Извлекувањата ќе се одржуваат во просториите на седиштето на Приредувачот на адреса Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.

(5) Во случај денот на извлекување да е неработен ден, извлекувањето ќе се изврши првиот нареден работен ден.

(6) Извлекувањето на наградите, односно определувањето на добитниците и резервните добитници, ќе се изврши компјутерски во присуство на 3 (три) члена комисија составена од претставници од Приредувачот, која го контролира процесот.

(7) Членовите на комисијата ќе проверат дали се исполнети условите за учество во наградната игра опишани во член 7 од овие Официјални правила.

(8) За секое извршено неделно извлекување ќе се состави записник кој ќе биде потпишан од членовите на Комисијата во кој ќе бидат наведени извлечените телефонски броеви (MSISDN) и добиената награда.

**Контактирање на извлечените добитници на награди**

**Член 9**

(1) По извлекувањето, а пред да бидат објавени, добитниците на наградите ќе бидат контактирани телефонски од страна на Приредувачот, на При-пејд мобилниот телефонски број (MSISDN) кој е извлечен како добитник.

(2) Приредувачот ќе се обиде да го контактира добитникот најмалку 3 (три) пати на ден во периодот помеѓу 10:00 и 20:00 часот. Доколку Приредувачот, и покрај вложените напори, не успее да стапи во контакт со добитникот во период од 3 (три) дена, добитникот се дисквалификува и го губи правото на наградата.



Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

(3) При телефонскиот контакт, Корисниците ќе бидат известени за добиената награда и ќе се побара нивна идентификација, при што соодветниот добитник на награда треба да ги достави своите лични податоци (име и презиме, адреса и ЕМБГ). Доколку овие податоци се разликуваат од податоците кои за тој телефонски број Приредувачот ги има регистрирано во својата системска евиденција, ќе биде побарано од Корисникот, да изврши ажурирање на податоците со соодветна регистрација преку некој од достапните канали за При-пејд регистрација. Корисникот е должен да го изврши ова ажурирање на податоците пред да ја подигне наградата. При подигнувањето на наградата, податоците од документот за лична идентификација на Корисникот треба да се совпаѓаат со податоците со кои добитничкиот телефонски број (MSISDN) е регистриран во системската евиденција на Приредувачот. Во спротивно, доколку овие податоци не се совпаѓаат, добитникот се дисквалификува и го губи правото на наградата.

(4) При телефонскиот контакт, Корисниците ќе бидат известени и за денот и локацијата на доделување на наградите и условите за подигнување на наградата.

**Објавување на резултатите од наградната игра**

**Член 10**

(1) Официјалните резултати од секое извлекување на наградите ќе бидат објавени на интернет страницата на Приредувачот www.A1.mk, во рок од 3 (три) дена по секое неделно извлекување на добитниците.

(2) При објавувањето, ќе бидат наведени телефонските броеви (MSISDN) кои се извлечени.

(3) Корисниците на телефонските броеви (MSISDN) со самото учество во оваа Наградна игра се согласуваат нивните телефонски броеви (MSISDN) да бидат објавени на интернет страницата на Приредувачот www.A1.mk, доколку истите бидат извлечени како добитници на награди.

**Подигнување на наградите**

**Член 11**

(1) Добитникот при подигнувањето на наградата треба:
- со себе да ја има SIM картичката, односно телефонскиот број (MSISDN) кој е извлечен како добитник, при што претставник на Приредувачот на лице место ќе направи контролен повик од бројот на Корисникот, со кој ќе се потврди дека станува збор за добитниот телефонски број (MSISDN) и дека истиот е активен во мрежата на Приредувачот, односно не е започната постапка за негово пренесување (портирање) во мрежата на друг оператор;
- да се легитимира со важечка лична карта или патна исправа;
- да потпише Изјава дека тој е единствениот актуелен корисник на извлечениот телефонскиот број (MSISDN), преку којшто учествувал во Наградната игра и ја добил наградата;
- да потпише Изјава за согласност за обработка на лични податоци.

(2) Доколку при идентификацијата на добитникот се утврди дека не ги исполнува условите за учество во наградната игра, добитникот се дисквалификува и го губи правото на наградата.



Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

(3) Доколку добитникот и сите дополнителни потенцијални добитници го изгубат правото на наградата или во рамките на утврдените рокови не се доделени сите награди, не се организираат повторни извлекувања, и се смета дека наградата не е подигната и останува во сопственост и располагање на Приредувачот.

(4) Наградите ќе бидат доделени во рок не подолг од 60 (шеесет) дена од денот на објавувањето на резултатите, односно добитниците на наградите, но не пред истекот на рокот за приговор.

(5) Добитникот на наградата го губи правото да ја добие соодветната награда во случај ако:

- се откаже од примањето на наградата во писмена форма;
- не е достапен за контакт во рокот утврден во член 9 од овие Официјални правила;
- до денот на подигањето на наградата, добитниот телефонски број (MSISDN) не е повеќе активен во мрежата на Приредувачот, односно започната е постапка за негово пренесување (портирање) во мрежата на друг оператор;
- во предвидениот рок за доделување на наградата не ги достави потребните информации и документи согласно овој член, кои се неопходни за доделување на наградата.

(6) Доделувањето на наградите ќе се врши со предавање на наградата лично на Корисникот на добитниот телефонски број (MSISDN). Доколку добитникот од која било причина не е во можност лично да присуствува на доделувањето на наградите, истиот ќе може со нотарски заверено полномошно да назначи своја замена што ќе ја подигне наградата во негово/нејзино име.

(7) Подигнувањето на наградата се потврдува со потпишување записник меѓу добитникот и претставникот на Приредувачот.

(8) Добиените награди не можат да се заменат за пари, други награди или услуги.

(9) Префрлувањето на награда на друг корисник не е дозволено.

(10) Секоја од наградите ќе се подига или во седиштето на Приредувачот (Плоштад Пресвета Богородица бр.1 во Скопје) или во некое од продажните места на Приредувачот, за што Корисникот ќе биде известен од страна на Приредувачот, согласно со член 9 од овие Официјални правила. Објавување на слика и лик од добитниците содржани во фотографии, аудио, видео и друг вид на записи или учество на јавни настапи за цели на рекламирање на Приредувачот во врска со наградната игра, ќе биде предмет на дополнителна согласност на добитниците, за што добитниците немаат право на дополнителен надомест.

(11) Приредувачот ќе го сноси на свој товар персоналниот данок на остварени лични приходи поврзан со доделување на наградите, за што Приредувачот ќе му издаде и потврда за платен персонален данок.

**Право на приговор**

**Член 12**

Секој има право да поднесе приговор за текот на наградната игра до Приредувачот во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на резултатите, а Приредувачот ќе одговори на приговорот во рок од 5 (пет) дена од денот на поднесувањето на истиот.



Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk

**Одговорност**

**Член 13**

(1) Приредувачот ќе биде одговорен до моментот на подигнувањето на наградите од страна на добитниците.
(2) Со плаќањето на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Приредувачот на наградната игра спрема добитниците.
(3) Приредувачот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање по основ на штети или тужби кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградите.
(4) Одговорноста за исправноста на мобилните телефони кои се доделуваат како награди, како и гаранцијата на истите паѓа на товар на добавувачот на истите.

**Прекинување на наградната игра**

**Член 14**

Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила, вклучувајќи ја неможноста на Приредувачот да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја, по добиена согласност од Министерството за финансии. Во овој случај, Приредувачот треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, за причините за прекинувањето и за датумот на прекин преку соопштение во медиумите.

**Решавање на спорови**

**Член 15**

Во случај на недоразбирање помеѓу Приредувачот и учесниците на наградната игра, истите ќе се обидат да ги решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, надлежни се соодветните судови во Скопје.

**Завршни одредби**

**Член 16**

(1) Сите учесници во Наградната игра се обврзани со овие Официјални правила.
(2) Сите заинтересирани можат да ги прочитаат Официјалните правила на интернет страницата на Приредувачот www.A1.mk.
(3) По претходно добиено одобрение од Министерството за финансии на Република Северна Македонија, пред почетокот на Наградната игра овие Официјални правила ќе бидат објавени на интернет страницата на Приредувачот www.A1.mk, кога истите влегуваат во сила.

**А1 Македонија ДООЕЛ Скопје**

Извршен директор
Методија Мирчев, п.п.

Раководител за правни и корпоративни прашања
Златко Стојчески, п.п.

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје



Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Пошта Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk